# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Евангелски активности на верниците





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 7 април 2018*

## ГОЛЕМА ЗАДАЧА

**Да прочитаме од Библијата: Матеј 28,19.20.**

Исус се обратил до своите ученици со следните зборови: „Одете и научете ги сите народи... И еве јас сум со вас во сите денови до завршетокот на светот.“ Со други зборови: Тргнете и до најоддалечените краишта на земјата и, каде и да појдете, знајте дека јас ќе бидам со вас.

Овој налог ни е упатен и нам. Како Христови следбеници, ние сме повикани да излеземе и да поучуваме, да упатуваме да ги осведочуваме луѓето за потребата сериозно да ја послушаат Речта на животот. Ветувањето за постојаното Христово присуство се однесува и на нас. Колку и да се многубројни проблемите кои треба да ги совладаме, колку и да се многубројни искушенијата кои мора да ги поднесеме, секогаш можеме да се потпреме на неговото славно ветување: „Еве јас сум со вас до крајот на светот“ (Матеј 28,20).

Во големиот налог што Христос им го дал на учениците, не само што го опишал делото кое Тој ќе го извршува, туку им ја предал и веста која треба да ја проповедаат. „Учете ги луѓето“, рекол Тој, „да држат сè што ви заповедав“ (Матеј 28,20). Учениците добиле задача да ги поучуваат луѓето за она што Тој лично им зборувал и од она што ги поучувал. Тука спаѓа сè она што го кажал преку пророците и учителите на Стариот завет. Човечката наука е исклучена. Овде нема место за човеките преданија, за човечките теории или заклучоци. Исусовиот налог не содржи ништо од ова и затоа Божјите деца не треба тоа да го проповедаат.

Законот и пророците, каде што се запишани Неговата Реч и Неговите дела, го сочинуваат трезорот од кој неговите ученици треба да ја црпат науката што ќе ја пренесат на светот.

Евангелието не треба да се изнесува како безживотна теорија, туку као жива сила која го менува животот. Бог сака оние кои ја примаат неговата милост да бидат сведоци на Неговата моќ.

**За разговор:**

1. Како можеме најдобро да го објавуваме евангелието на нашите ближни? (Да се чуваме да не ги измешаме вистината и преданието.)

2. Како најлесно можеме да им зборуваме на луѓето за она што го направил Исус? (Ако има некој такво искуство, нека го раскаже во класата!)

*Сабота, 14 април 2018*

## СÈ ПОГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

**Да прочитаме од Библијата: Откривение 14,6.**

Светлината на вистината треба да заблеска на секое место, за да можат душите, кои се во мрак, да се разбудат и да се обратат. Евангелието треба да се објави во секоја земја и во секој град.

Да организираме своја класа и да направиме јасни планови за работа. Таа евангелско-мисионска работа постојано треба да напредува и да го освојува секој член од класата, за да можат на тој начин сите активно да се вклучат во евангелската работа.

Договорете се кој кого ќе го посети и со која цел. Молете се еден за друг во текот на целата седмица. Следната сабота секој од вас нека каже некое искуство што го доживеал. Разговарајте за тоа што било добро, а што можело уште подобро да го направите. Секоја сабота разменувајте ги искуствата што сте ги стекнале во текот на седмицата и направете нов и конкретен план.

Ако ви се чини дека некој не ги прифаќа вистините на евангелието побарајте друго лице, и така правете сè додека не најдете личност која навистина се интересира за вистината. Еве два многу охрабрителни цитати од Духот на пророштвото:

„. Вистината триумфално ќе помине крај оние што ја презреле и ја отфрлиле. Иако понекогаш се чини забавено, нејзиното напредување никогаш нема да биде запрено. Кога Божјата порака ќе наиде на противење, Тој ѝ додава нова сила за да го засили нејзиното влијание. Надарена со божествена сила, таа ќе си расчисти себеси пат низ најсилните бариери и триумфално ќе совлада секоја пречка“ (Делата на апостолите, стр. 601).

„Покажани ми се градовите кои пекаат по евангелска работа. Кога вистината во наше време би се проповедала во градовите истрајно и марливо, тие не би потонале толку длабоко во гревот. Според светлината што ми беше дадена, знам дека денес би можеле да имаме илјадници обратени души, кои би се радувале на вистината, само кога би го воделе делото според приликите што ни биле дадени“ (Евангелизам, стр.19).

Договорете се за конкретни планови за работа, како што е наведено во материјалот.

*Сабота, 21 април 2018*

## ПОТРЕБНИ СЕ ВРЕДНИ РАБОТНИЦИ

**Да прочитаме од Библијата: Дела 8,5.6.**

Свечената и света вест на опомената мора да се објави и во најтешките полиња, и во градовите кои се потонати најдлабоко во грев, секаде каде што светлината на славната тројна вест сè уште не допрела. Секој треба да го слушне последниот повик на опомена.

Да си поставиме цел да посведочиме секому кој живее во нашата улица или во нашата зграда. Срцето на секој оној што гори од љубов кон Христа и кон ближните, нека настојува да ги подигне оние кои се мртви во престапите и во гревовите. Нашите молитви и опомени нека допрат до нивната свест. Молете се сесрдно за нив, нивните срца тогаш ќе омекнат, а тогаш помогнете им да дојдат со покајание кај својот Спасител. Вие сте Христови пратеници на кои им е доверено објавувањето на неговата порака за спасението.

Никого немојте да го изоставите или негативно да го проценувате како што ѝ се случило тоа на една наша сестра. Доаѓајќи во црква сретнала повеќе пријатели. Секому му зборувала за вистината. Кога стигнала во својата црква, го раскажала своето искуство и на крајот рекла. Јас им сведочев на тие луѓе, но ниеден од нив не е достоен за Божјото царство. Никогаш, ама баш никогаш немојте да донесете таков заклучок и да заземете таков став. Напротив, во секој човек на кого му зборуваме за Исуса Христа да гледаме иден наследник на Божјото царство. Но, ако со такво одушевување им зборуваме на луѓето, Господ обилно ќе го благослови нашиот труд и нашата работа.

Еве зборови кои ќе нѐ охрабрат: „Бог повикува посветени работници кои ќе му бидат предани и верни - понизни луѓе кои ја увидуваат потребата за евангелска работа и не отстапуваат, туку секој ден верно ја извршуваат својата работа потпирајќи се на Бога, кој им дава помош и сила во секој момент на опасност. Оваа вест треба да ја понесат луѓето кои го сакаат Бога и кои се бојат од него“ (Евангелизам, стр. 2).

**За разговор:**

Ако имате некое искуство што сте го стекнале оваа седмица во работата за Господа раскажете ја за да се охрабрат сите. Молете се заедно на Бога за мудрост и помош од Светиот Дух, Тој да го благослови вашето сведочење.

*Сабота, 28 април 2018*

## СЀ ПОГОЛЕМИ ТЕШКОТИИ

**Прочитајте: Матеј 24,48.49.**

Драги браќа и сестри, да направиме сѐ што можеме додека е ден, зашто бргу ќе дојде ноќта кога никој не ќе може да работи.

Немаме време за губење. Крајот е многу близу. Непријателот поставува пред нас најразлични препреки, за да нѐ задржи на секаков начин, само да не работиме. Тој ќе предизвика некои семејни проблеми или ќе навлече некоја болест. Меѓутоа, ако со ништо друго не успее, тој ќе се потруди да нѐ наведе на рамнодушност. Тој ќе стави милион пречки само да не работиме во Господовото лозје. Мораме да се спротивставиме на секој проблем и да тргнеме напред што е можно побргу, похрабро и без страв.

Да го послушаме сериозниот повик на Духот на пророштвото: „Благодарение на светлината што ја примив од Бога, знам дека силите на темнината дејствуваат со сите сили, додека сатаната со нечуен чекор се прикрадува да може како волк да го грабне својот плен, да ги грабне оние кои спијат. Сега имаме опомени кои можеме да ги упатиме и имаме работа која можеме да ја извршиме, зашто наскоро ќе настанат тешкотии какви не можеме ни да замислиме. Бог нека ни помогне да истраеме на патот на светлината, да работиме со очи вперени во Исуса, во нашиот Водач и трпеливо и истрајно да се трудиме да победиме со Него.

Деновите во коишто живееме се свечени и значајни. Божјиот Дух постепено но сигурно се повлекува од Земјата. Неволјите и казните веќе ги стигнуваат оние кои ја презираат Божјата милост. Страшни несреќи на копното и морето, несреќна состојба во општеството, гласови за војни... Сево ова ни претскажува дека ни се приближуваат највеличествените настани“ (Евангелизам, стр. 29).

**Еве неколку прашања за разговор:**

1. Колку сме свесни за сериозноста на времето во кое живееме?

2. Дали нашето проповедање е во согласност со знаците на времето?

3. Исус ќе им даде награда само на верните и работливи слуги. Дали сум доволно работлив?

*Сабота, 5 мај 2018*

## ПОВИК БРЗО ДА ДЕЈСТВУВАМЕ, БИДЕЈЌИ ВРЕМЕТО Е КРАТКО!

**Да прочитаме од Библијата: Матеј 24,22.**

Крајот е многу поблизу отколку што можеме да си замислиме. Времето за проповедање е сè пократко. Секој од нас треба да го изврши својот дел, зашто она што нам ни е доверено, никој друг нема да може да го изврши.

Оваа сабота е прва во месецот. Тоа е мисионска сабота. Денес за секого од вас направете план за цел месец. Испланирајте точно кој што ќе изработи. Господ очекува од нас да бидеме вредни работници во неговото лозје. Сега е време со своите таленти да „заработиме“ уште онолку колку што сме добиле од Господа. Верноста и работливоста во мисионската работа е карактеристика за секој оној што се подготвува за небото.

За нашиот духовен напредок, на секого од нас му се потребни искуства во мисионската работа. Потребни ни се нови искуства секој ден. Она што сме го стекнале вчера, не е доволно за утрешната борба. Да бидеме внимателни да не помине ден а да не сме стекнале ново искуство со Господа.

Да слушнеме што вели Духот на пророштвото за тоа:

„Како христијани ние сме повикани да соработуваме со Христа во делото на спасувањето на душите. На тоа сме се обврзале со заветот што сме му го дале. Да се занемари ова дело значи да се биде неверен на Христа. Меѓутоа, за да ја извршиме таа работа, ние мораме да го следиме неговиот пример - да укажеме предано, совесно внимание кон навидум неважните прашања. Токму во тоа лежи тајната на успехот на секое подрачје од христијанскиот напор и влијание.

Колку да е малечок вашиот талант, Бог има место за него. Тој еден талант, мудро употребен, ќе ја изврши задачата што му е доделена. Кога сме верни во малечките должности, ние работиме според планот на додавање, а Бог работи според планот на умножување. Тие малечки дарови ќе се претворат во најдрагоцено влијание во неговото дело“ (ЦОЛ, стр. 358-9).

**Прашања за разговор:**

1. Дали ги користиш даровите коишто Христос ти ги доверил?

2. Направете план за секој од вас во врска со тоа што ќе го работите овој месец во Господовото лозје.

*Сабота, 12 мај 2018*

## ИСКРЕНА СОРАБОТКА ВО БОЖЈОТО ЛОЗЈЕ

**Да прочитаме од Библијата: Дела 16,25.**

Треба решително да се заземеме за единствената работа во нашите цркви. Во дух и во Божји страв треба да се здружиме и да работиме со сериозна ревност. Да не се трудиме да се истакнуваме во работата и да не се расправаме едни со други. Да бидеме подготвени на вистинско покајание, вистинско разбирање и искрена соработка. Да се натпреваруваме во совладувањето

на поуките за самооткажување и пожртвуваност во спасувањето на човечките души од смрт.

Духот на пророштвото нè охрабрува во ова: „Света ревност ќе ги поттикне луѓето од вера и молитва да појдат и да ја проповедаат Речта којашто Бог им ја дава. Гревовите на Вавилон ќе бидат разоткриени. Страшните последици од наметнувањето на црковните обреди од страна на граѓанските власти, пробивот на спиритизмот и тајниот, но брз развој на папската власт - сето тоа ќе биде разоткриено. Овие свечени опомени ќе ги потресе луѓето. Илјадници и илјадници луѓе ќе слушаат зборови какви што не чуле до сега. Со чудење ќе слушаат сведоштва дека Вавилон е црква, падната поради своите гревови, поради отфрлањето на вистината која ѝ е испратена од небото.

Со Христовата милост многу проповедници (и верници) ќе станат весници на светлината и благословите. Кога, благодарение на сериозната и истрајна молитва, ќе ја примат силата на Светиот Дух и ќе тргнат да работат, свесни за одговорностите за спасување на душите, со срца исполнети со ревност за објавување на Христовиот крст, тие ќе го видат плодот на своите напори. Бидејќи нема да се расфрлаат со човечка мудрост, ниту да ја воздигнуваат својата личност, тие ќе извршат дело кое ќе им одолее на сатанските напади. Многу души ќе се обратат од темнината кон светлината; ќе бидат основани многу цркви. Луѓето нема да се обратат кон човекот како орудие, туку кон Христа“ (Евангелизам, стр. 38).

**За разговор:**

1. Некој нека раскаже некое свое искуство што го стекнал оваа седмица.

2. Направете план за следната седмица.

3. Помолете се за оние на кои сте им сведочеле оваа седмица.

*Сабота, 19 мај 2018*

## ОБНОВА НА ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИТЕ ЦРКВИ

Амбициозните цркви кои растат се слични на амбициозните луѓе. Тие својот живот го живеат минувајќи низ долини и планини, а секоја планина е малку повисока од претходната. Всушност, повеќе време поминуваме во долините отколку во качување по планините. А тое не е лошо. Долините се многу поплодни од планините, а преку секојдневниот живот и вообичаените задачи во долината луѓето и црквите најдобро растат. Но, потребна ни е цел. Не сме предодредени целиот живот да останеме во иста долина. Погледот кон следниот планински врв и желбата да се искачиме прават постојано да се движиме.

Ништо толку не нè оживува духовно како припадноста на црква која тукушто се здобила со нова, заедничка визија за следната „планина“ на која Бог ја повикува да се искачи. Таа е горда на своето минато и благодарна на своите основачи, но одеднаш повеќе посветува внимание на качувањето отколку на долината која е зад неа. (Велам „одеднаш“ зашто се чини дека тоа се случува исто како раѓањето. Тоа долго се очекува, но кога ќе се случи, тоа навистина се случува!).

За жал, за некои цркви одамна минало времето кога биле на врвот на планината, па идејата за напредување одамна ја снемало. Тие од практични причини дошле до крајот на патот. Веќе го доживуваат паѓањето кое доаѓа со староста и немоќта. Приклучени на машина која ги одржува во живот, тие се наоѓаат во модалитетот на преживување држејќи се цврсто за да го сочуваат својот живот до Второто доаѓање. Дали е премногу доцна таквите цркви да доживеат воскресение?

Добра вест е што ниту една црква, колку и да е мала, не мора да ја помине точката од која нема враќање и да умре. Исто како што искуството на „новото раѓање“ им стои на располага-

ње на сите, без разлика на староста или на околностите, такво-то искуство на ново раѓање ѝ стои на располагање на секоја црква. Независно од тоа дали во овој момент се наоѓа на некое свое духовно патување, таа може да биде обновена и засилена. И покрај тоа што сè тече прилично добро, а убедени сте дека може да биде многу подобро, вашата црква може да се издигне до нови висини. Единствено само небото знае како може да се оствари тоа во овој момент.

*Сабота, 26 мај 2018*

## ПРВ ЗАКОН ЗА РАСТ НА ЦРКВАТА (1)

Постојат две основни начела за раст на црквата. Тие начела ќе ги наречеме прв и втор закон на раст на црквата.

Законите на растот на црквата се доследни во своето дејствување, и ако ги примениме, тоа ќе доведе до раст на црквата.

Кај законите во природните науки постои мошне малечко отстапување. Почитувањето на тие прецизни закони ги носи саканите резултати. Така и почитувањето на двата закона на растот на црквата - кои се непроменливи и постојани - ќе ги донесе саканите резултати.

Првиот закон на црковниот раст гласи: црквите растат со развивање на свеста дека нивното растење е Божја волја.

За да може да ја развие таа свест, црквата најпрво мора да развие свест за растот.

Што е всушност свест за раст на црквата? Можеме да ја опишеме како осведочување меѓу верниците на една црква дека растот на таа црква е Божја волја. Тоа осведочување кај нас го изострува Светиот Дух, правејќи мошне добро да знаеме и да чувствуваме дека загубените и со грев ранети луѓе треба да го запознаат Исуса. За нашата црква да расте, тоа осведочување

мора да го проникнува срцето на секој старешина, на секој ѓакон, на секој водач на саботното утринско богослужение, секој службеник и учител, секој верник. Тоа осведочување мора да го обземе и проповедникот. Секој од нас треба да сфати дека целта на постоењето на црквата е на луѓето да им го претстави Бога и да им сведочи за неговата љубов. Ние имаме збор со кој ја опишуваме - тоа е зборот евангелизам.

*(Дајте ѝ можност на целата класа да го изрази своето сфаќање за првиот закон за црковен раст).*

*Сабота, 2 јуни 2018*

## ВТОР ЗАКОН ЗА РАСТ НА ЦРКВАТА (2)

Вториот закон на црковниот раст е мошне сроден со свеста за црковниот расат:

Црквите растат кога ќе сфатат дека има многу луѓе што можеме да ги придобиеме за Христа. Треба да развиеме способност да го видиме растот на црквата.

Еден ден, кога Исус дошол во Витсаида, некои пријатели довеле слеп човек. Во својата љубов и нежност, Исус го зел овој слеп човек за рака и го извел од градот. Христос сакал, кога ќе ги отвори очите, тој човек да биде опкружен со природа. Понатаму, тоа е едно чудо за кое зборува Библијата, а се случило во два дела. Исус ги навлажил рацете и му ги ставил на човекот на очите. Ги повлекол рацете и рекол: „Гледаш ли?“ Човекот одговорил: „Ги гледам луѓето како одат како дрвја.“ Библијата продолжува во Евангелието на Марко 8,25: „Потоа пак му ги стави рацете на очите и му рече да погледне; и се исцели, и виде сѐ убаво.” Втор допир! Исус човекот го допрел вторпат и тогаш сѐ убаво видел.

Можби на мене и тебе ни е потребен тој втор допир. Можно

ли е ние да ги гледаме мажите и жените како да одат околу нас како дрвја. Како го посматраш човекот на бензинската пумпа? Дали го познаваш? Дали си се спријателил со него? Како стоиш со продавачот во продавницата? Како стои со твојот наставник или професор? Како со најблиските во семејството - со мажот, со жената, или со децата - кои можеби не го познаваат Исуса? Како ги посматраш мажите и жените со кои си секојдневно во допир. Ги познаваш ли нивните потреби? Дали си ги слушал нивните радости? Дали си трогнат со нивните таги и страдања?

Зборувајќи за Исуса, евангелистот Лука во своето евангелие 19,41 кажува: „Кога се приближи, го забележа градот и се заплака над него."

Нема начин да ги придобиеме мажите и жените за Исуса ако не им се приближиме, ако не ги слушаме нивните потреби, нивните грижи и страдања, нивните таги и неволји. Очите за раст на црквата гледаат надвор од надворешниот амбиент. Тие настојуваат да ги проценат потребите на мажите и жените со цел да ги запознаат со Исуса Христа. Црквите растат онака како што се ѕвиваат на потребите на своите ближни, онака како што ја чувствуваат должноста да им ја објават радосната вест на евангелието.

**Прашања за разговор:**

1. На кој начин можеме да развиеме очи за раст на црквата?

2. Како стануваме свесни за голем број луѓе што можеме да ги задобиеме за Христа?

3. Како да научиме со Христови очи да ги гледаме потребите на луѓето?

*Сабота, 9 јуни 2018*

## ИСУСОВИТЕ МЕТОДИ НА РАБОТА

**Да прочитаме од Библијата: Јован 7,37.38.**

Секоја година Исус Христос присуствувал на големите народни свечености, користејќи прилика на мноштвото, окупирано со обреди, да му зборува за небесните теми и да им ја прикаже сликата за вечноста. Тој им ги изнесувал прекрасните богатства од трезорите на мудроста.

Тој им зборувал со едноставен јазик што секој можел да го разбере. Тој им давал помош на сите кои биле оптоварени со грижи и жалости. Нежно и внимателно им служел на душите болни од грев и им носел оздравување и сила. Тој, кој бил најголем меѓу учителите, се трудел да им пријде на луѓето на оние места на кои најмногу сакале да престојуваат. Ја изнесувал вистината така што таа трајно се задржувала во мислите на неговите слушатели, допирал во нивните најсакани спомени и освежувања. Учел на таков начин што тие можеле да почувствуваат како совршено се поистоветува со нивните желби и со нивната среќа. Неговите упатства биле толку непосредни, неговите илустрации толку соодветни, а зборовите толку сочувствителни и ведри, што неговите слушатели биле воодушевени.

Дури и мноштвото, кое толку често се туркало околу Христа, за Него не претставувало нераздвојна маса на човечки битија. Тој непосредно се обраќал до секој ум и привлекувал сечие срце. Ги гледал лицата на своите слушатели, запазувал кога нивните лица живнуваат; од брзиот одек, кој кажувал дека вистината допрела до душата, во неговото срце би затреперила сочувствителна радост.

Да ги присвоиме овие Христови методи:

1. Исус користел свечености каде се собирале многу луѓе. Тогаш им се обраќал на луѓето.

2. Бил нежен и внимателен.
3. Неговите упатства и примери биле едноставни.
4. Бил непосреден и ги посматрал лицата на слушателите.

*Сабота, 16 јуни 2018*

## ИСУС БИЛ ЕДНОСТАВЕН И НЕПОСРЕДЕН

**Да прочитаме од Библијата: Матеј 13,34.35.**

„Христовото учење било вистински поим за едноставност. Учел како оној што има власт. Евреите го очекувале Првото Христово доаѓање и тврделе дека тоа треба да биде проследено со знаци на слава кои ќе го обележат неговото второ доаѓање. Големиот Учител ја објавувал вистината на луѓето од кои многу немале прилика да одат во рабински школи ниту да учат грчка филозофија. Исус ја изнесувал вистината на едноставен и непосреден начин внесувајќи во секоја своја проповед дух на животодавна сила и впечатливост. Кога би го повишил гласот неприродно високо, како што е тоа вообичаено кај многу денешни проповедници, човечкиот глас би ја загубил топлината и мелодичноста, а би бил уништен и голем дел од силата која се наоѓа во вистината.

Христос во своите беседи ниту еднаш не сакал да им изнесе на слушателите многу вистини одеднаш за да не внесе збунетост во нивните мисли. Секоја подробност ја правел појасна и поодредена. Не му било тешко да ги повторува старите и познати вистини од пророштвата, знаејќи дека тие ќе послужат на Неговата намера - во нивниот ум да всади одредени поуки.

Иако нашиот Господ своите големи вистини ги изнесувал со едноставен јазик, Тој ги обликувал со таква убавина што ги привлекувала и ги одушевувала најголемите умови.

За да ја прикаже на правилен начин нежната љубов и грижа

на својот Отец, Исус ја кажал приказната за загубениот син. Иако неговите деца грешат и се одвојуваат од Него - ако се покајат и се вратат, Тој ќе ги прими со истата радост што ја покажал земниот татко кога го примил својот изгубен син, кој по долго време со каење се вратил назад во татковиот дом.

Зборовите на животот ги изнесувал толку едноставно што можеле да ги разберат и децата“ (Евангелизам, стр. 51).

Да забележиме нешто што е многу важно, а тоа е: при сведочењето не треба да се изнесе целата вистина, затоа што луѓето не ќе можат сè да разберат, ниту да запомнат толку нови начела одеднаш.

**За разговор:**

1. Исус ги изнесувал длабоките вистини едноставно.

2. Зборувал само толку колку што можеле да поднесат неговите слушатели.

3. Никогаш немојте премногу да ги оптоварите вашите соговорници.

*Сабота, 23 јуни 2018*

## ИСУС ГИ ПРИВЛЕКУВАЛ СВОИТЕ СЛУШАТЕЛИ СО ЉУБОВ

**Да прочитаме од Библијата: Марко 1,22.**

Љубовта е најголемата сила на светот. Ако со неа не успееме да ги освоиме луѓето, да не се ни обидуваме на друг начин.

Читај во Римјаните 2,4.

Посебно внимание обрати на последниот дел од стихот.

Во проповедањето на евангелието секогаш треба да имаме

на ум дека единствено Божјата љубов може да го наведе човекот во своето срце да донесе најдобра одлука во животот.

Внимателно да ги слушаме следните зборови на Духот на пророштвото: „Во своето учење Христос не држел морални прекорувања, како што го прават тоа денешните проповедници. Негова работа била да ѕида на зградата на вистината. Собирал скапоцени бисери на вистината , кои непријателот ги присвоил вградувајќи во нив граѓа на заблуди, и ги вратил во зградата на вистината, за со нив да се збогатат сите кои ќе ја прифатат неговата Реч.

Христос секогаш бил подготвен да му даде одговор на искрениот истражувач на вистината. Кога и да дошле учениците кај Него, со молба да им објасни нешто од она што го зборувал пред мноштвото, Тој со задоволство им ја повторувал поуката.

Христос ги привлекувал срцата на слушателите со изразување на својата љубов, а тогаш, малку по малку, кога биле подготвени да ги примат, им ги откривал вистините за Царството. Исто така, мора да се учиме како да ја прилагодиме нашата работа на условите на луѓето, за да им пристапиме таму каде што се наоѓаат. Иако на светот траба да му ги објавиме барањата на Божјиот закон, никогаш не траба да заборавиме дека љубовта е сила која може да го омекне срцето и да го доведе до послушност.

**Еве неколку прашања:**

1. Колку јас ги сакам оние на кои им зборувам за Божјата реч?

2. Дали од моето срце зрачи Христова љубов?

3. Колку сум спреман и што можам да направам за тие луѓе на кои им сведочам?

*Сабота, 30 јуни 2018*

## ЛИЧНИ РАЗГОВОРИ

**Да прочитаме од Библијата: Јован 3,1.2.**

Многумина посакуваат да зборуваат пред големо мноштво, и веруваат дека силно би ја изнесувале Божјата реч. Меѓутоа, бидејќи немаат таква прилика, тие ништо не работат.

Да видиме како работел Исус? Во евангелијата наоѓаме доста примери кога Исус лично го проповедал евангелието. Личниот разговор со Никодима, со Самарјанката, со човекот опседнат во Гадаринската земја итн.

Во личниот разговор луѓето се најотворени. Нивните срца тогаш се најподготвени да го прифатат евангелието. Затоа, да се трудиме со нашите пријатели да водиме што повеќе лични разговори.

Еве совет на Духот на пророштвото: „Христовото дело повеќе се состоело од лични разговори. Тој големо значење давал на изнесувањето на вистината само на еден слушател, кој потоа пораката ја пренесувал на илјада други.

Христос го прифатил повикот на свеченоста, за да може седејќи крај масата, да го сее семето на вистината во срцата на присутните. Знаел дека така посеаното семе ќе никне и ќе донесе род. Знаел дека некои од оние кои седат на трпезата со него ќе се ѕвијат на неговиот повик: 'Ајде по мене!' Имаме предност да го проучуваме Христовиот начин на поучување, додека одел од место во место, сеејќи го насекаде семето на вистината.

Затоа Христос им дал посебни упатства за тоа како да постапуваат во работата. Со својот живот им дал пример на строго почитување на правилата што им ги изнел. Не требало да се впуштаат во расправии, тоа не била нивна работа. Требало во својот карактер, со сериозна молитва и размислување, како огледало на личното искуство во првото христијанство, да ја

одбранат вистината. Тоа ќе биде во извонредна спротивност на религијата на фарисеите и садукеите. Требало да го свртат вниманието на своите слушатели кон славните вистини кои сѐ уште не биле откриени. Требало да ја затегнат стрелата, а Божјиот Дух да ја впери во срцето" (Евангелизам, стр. 52-53).

**За разговор:**

1. Не се сите родени да зборуваат пред големо мноштво.
2. Зошто се покорисни личните разговори?
3. Колку го користиме таквиот начин на мисионска работа?

ГРАДИВО 2/2018

**Мисионски стихови**

**-** Евангелски активности
на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**